ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

# НОВИТЕТИ ВО БЕСПЛАТНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО

## НЕМА ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДВОЈАЗИЧНИОТ ОБРАЗЕЦ

**24.07.2008, Скопје.** Со цел правилно и целосно информирање на јавноста, Фондот за здравствено осигурување на Македонија соопштува дека Управниот Одбор на ФЗОМ на последната 37-та седница, одржана на ден 24.07.2008, ги усвои измените на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство.

Измените се однесуваат на делот на постапката за добивање на двојазичниот образец кој на осигурените лица им служи како привремена здравствена легитимација во странство и со кој имаат еднаков третман како и осигурените лица на земјата каде престојуваат.

Осигурените лица кои се наоѓаат на привремен престој во странство (приватен или службен, студиски, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна-техничка,научна и културна соработка и сл. ) нема да имаат потреба од лекарска експертиза од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот и да плаќаат по 2000 денари, како што беше до сега.
Отсега е доволно во подрачната служба на ФЗОМ да приложат **само потврда за здравствената состојба која можат да ја добијат од нивниот избран лекар и наод, оценка и мислење од лекарската комисија на ФЗОМ и тоа без никаков трошок (надоместок) за истите.**

ФЗОМ, ова го направи во интерес на осигурените лица, со цел олеснување на постапката за добивање на привремената здравствена легитимација и ослободување од сите трошоци за добивање на истата.